**М-р Доан Сулејманоски**[1]

# ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО КАКО ОБЛИК НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

**1.04 Стручна статија**
**УДК 316.624-053.2/.6(497.7)**
**364.63-053.2/.6(497.7)**

***Апстракт***

Децата се нераскинлив дел од општественото живеење, тие се единки и членови на општествениот колективитет, кои својата личност ја градат како резултат на усвојување на општествените обрасци на однесување под силно влијание на семејството, училиштата, врсниците, медиумите, културните, религиозните вредности, но и под влијание на сите други субјекти, институции, групи и норми на општественото дејствување и интеракција. Процесот на социјализација е клучен во развојот на детето и ваквиот процес не е еднообразен и хомоген. Почнувајќи од семејството, како примарна општествена клетка со сите внатрешни односи и релации, неизбежно е да се дојде до следната компонента од овој процес – училиштата, кои како колективни средини реализираат воспитно-образовен процес и каде што учениците поминуваат најголем дел од своето детство.

Сѐ поактуелни се пласираните информации во медиумите и за различни настани во кои може да се забележат најразлични форми на девијантно и деликвентно однесување на младите, кои содржат елементи на насилство со кои се засегаат правата на децата, нивните семејства и се нанесуваат различни штети со кои во најшироки размери се предизвикуваат општествени тензии и немири. Ваквото насилничко однесување е определено од низа различни детерминанти и ирационални фактори што директно или индиректно произлегуваат од општествените околности, системи, потсистеми и слично. Ваквата проблематика е предмет на следење и анализа на поголем број науки, со што упатува на мултисекторски и интердисциплинарен пристап кон оваа проблематика.

**Клучни поими:** деца, деликвенција, насилство, училишта, превенција.

## 1. Определување на поимот насилство – врсничко насилство

Насилството е појава што се манифестира во повеќе контексти и подлежи на повеќе дефиниции што опфаќаат различни аспекти. Фокусот на дефиницијата може да биде: мотивацијата за насилството, импактот на детето и активностите од психолошка, социјална или политичка природа. Овие варијации носат важни импликации за тоа како е разбрано насилството, како се идентификуваат неговите облици, како се поврзани факторите на ризик и кои интервенции и политики би биле соодветни (Толан 2007).[2]

Насилството меѓу врсници, познато и под терминот „булинг“ (англ. bullying), е облик на однесување што трае подолго време, се повторува и е насочено кон исто лице. Станува

[1] Авторот е студент на трет циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, насока казнено право – казнено материјално право.
[2] Види: „Насилство кај средношколците“, анализа на истражување (2016), Младински образовен форум, стр. 12.

збор за намерно и свесно постапување со цел другиот да се повреди или да се заплаши, при што насилникот има поголема сила или влијание во друштвото од жртвата. Врсничкото насилство може да има облик на навредување, исмевање, омаловажување, озборување, ширење лаги и гласини, физичко насилство, заканување и сл.

Врсничкото насилство претставува употреба на сила, закана или намера за злоупотреба или агресивна доминација над другите. Ова однесување најчесто се повторува и ѝ претставува дополнителен стрес на жртвата. Суштински предуслов претставува перцепцијата од страна на насилникот и останатите за социјалната или физичката нееднаквост, која го разликува булингот од конфликтот.[3] Клучно е да се истакне дека, генерално, тоа е подвид на агресивно однесување што се карактеризира со предуслов за постоење најмалку три критериуми: непријателска намера, нерамнотежа на моќта и повторување во одреден временски период.[4]

За врсничко насилство станува збор кога:

- се манифестираат негативни (агресивни), намерни постапки меѓу децата или кога едно или група деца постојано вознемируваат, напаѓаат или повредуваат друго дете што не може да се одбрани;
- тоа се долготрајни и повторливи негативни постапки, задевање или настојување да се зададе повреда или друг вид непријатност и штета со намера другиот да се заплаши или да се повреди;
- има асиметричен однос на силите, агресија на посилниот кон послабиот, кога детето изложено на насилство се брани со тешкотии или покажува беспомошност.

Од ова следува дека насилството не може да биде еднократен инцидент, пријателско несогласување или расправија, како и ненамерно нанесување болка. Во насока на јасно определување и дефинирање на поимот врсничко насилство, битно е да се издвојат и да се објаснат поимите „насилство“ и „злоставување“.

Според мислењето на Олвејс (1999), врсничкото злоставување се карактеризира со агресивното однесување или нанесување штета на друго лице со намера, а тоа однесување може да трае одреден временски период – да биде трајно или да се повторува, а истовремено може да постои и асиметричност во моќта на двете страни (едната да биде надредена, а другата подредена во конкретната ситуација). Како конкретни примери за злоставување може да се истакнат: физички контакт, вербално злоставување, правење гримаси, навредливи, заканувачки или злонамерни гестови, игнорирање, потсмев и др. Исто така, Роланд и Идсе (2001) прават разлика во однос на тоа дека насилното однесување е различен поим од злоставувањето. Според нивното мислење, агресивното однесување може да вклучи и конфликт помеѓу лица со еднаква моќ, додека, пак, злоставувањето секогаш подразбира повредување некого што е немоќен да се брани. [5]

Во дефиницијата на Фарингтон, „булинг“ (bullying) се дефинира како „кој било облик на физичко или психичко нанесување штета од страна на помоќен и посилен ученик (или група ученици) на послаб ученик“. Додека, пак, според мислењето на Колоросо, насилството е свесна намера и посакувана непријателска активност чија цел е да се повреди, да ѝ се предизвика страв на некоја личност преку заканување и други видови агресија.

---

[3] Juvonen, J.; Graham, S. (2014).„Bullying in Schools: The Power of Bullies and the Plight of Victims“. Annual Review of Psychology. Annual Reviews. 65: 159–85.

[4] Burger, Christoph; Strohmeier, Dagmar; Spröber, Nina; Bauman, Sheri; Rigby, Ken (2015). „How teachers respond to school bullying: An examination of self-reported intervention strategy use, moderator effects, and concurrent use of multiple strategies“. Teaching and Teacher Education. 51: 191–202

[5] Освен овие поими, во литературата се користи и поимот виктимизација, со значење зачестена изложеност на негативни постапки (физички и/или психички) од страна на еден или повеќе ученици.

Според горенаведеното, може да се истакне дека насилството содржи четири составни компоненти, и тоа: несразмерност на моќта, намерно повредување, заканување за понатамошна агресија и покажување доминантност.

## 2. Карактеристики и видови врсничко насилство

Со оглед на тоа што насилството кај младите е посебен и специфичен вид насилство и, како такво, е многу важно за анализа и за вреднување, значајно е да се истакне дека е потребен внимателен, сеопфатен и структурно изграден пристап со јасно утврдени индикатори и мерила.

Некои стручни лица веруваат дека врсничкото насилство може да започне уште од третата година на животот кај детето, додека, пак, други тврдат дека во тоа време не може да станува збор за класично/намерно нанесување повреди врз друго лице затоа што, како што сметаат тие, тоа се години кога детето е недоволно когнитивно зрело за да би можело да ги разбере туѓите емоции. Примерот со исклучување од игра може да се забележи уште од предучилишна возраст, кога деца не им дозволуваат на други деца да си играат со нив или, пак, ги поттикнуваат другите деца да не си играат со други, одредени деца, делејќи се на групи. Децата од предучилишниот период кажуваат смешни и апсурдни нешта што не се секогаш намерно насочени кон друго дете или возрасен човек. Се верува дека на тој начин децата експериментираат со зборови и фрази што ги научиле неодамна. Се смета и дека оваа врска на проблеми е значајна за развојот на децата, затоа што им дава можност за вежбање при социјализација и за тоа на кој начин би се носеле со одредени социјални искуства подоцна во животот (во градинка, на училиште и понатаму). Одредени истражувања покажуваат дека, на светско ниво, врсничкото насилство е сè позастапено и, за жал, сè почесто кулминира со физички напади – најчесто за време на основното образование додека, пак, во средното образование тоа опаѓа, но и натаму може да биде голем проблем за еден млад човек, и покрај тоа што во тој период, физичкото насилство е малку поретко[6]. Децата што вршат врсничко насилство најчесто имаат позитивен став кон насилството и се убедени дека сите конфликти може да ги решат на тој начин. Таквиот став може да биде последица од „учење според модел“ – во кругот на семејството или, едноставно, од социјалното окружување во кое расте детето или, пак, доживеало искуства со претрпено насилство во семејството или во врсничката група. Во практиката, од децата насилници многу често може да се слушне дека и тие, исто така, некогаш биле жртви на насилство. Од друга страна, пак, во литературата се споменува дека децата жртви на насилство би можело да се опишат како срамежливи, анксиозни, внимателни и деца што се повлекуваат кога се нападнати.

Ниту едното, ниту другото не мора да значи дека е вистинита и официјална дефиниција. Постојат различни варијации. Децата со насилничко однесување ненужно се жртви на семејно насилство, но не мора да значи дека нивните родители или кои било други возрасни лица им се модели за однесувањето – за ова може да бидат виновни некои други возрасни лица од нивното окружување, па дури и земаат пример и од свои врсници што се однесуваат така, мислејќи дека го земаат совршениот пример за однесување во секојдневието и го прифаќаат како таков. Како и да е, ним им треба самозаштита – тоа е несомнено. За да би можеле да ја преживеат опасната ситуација, тие го преземаат токму тоа што се покажало како најдобар заштитен механизам – нападот, зашто сметаат дека на тој начин ќе го заплашат врсникот и со тоа ќе им покажат на другите дека не се плашат од никого и од ништо.

---

[6] Р. Сотировска, објава во рамките на проектот „Не си сам/а“, Коалиција Маргини и Фондација Квина тил Квина, 2021 година, повеќе на: https://womsvetinikole.org.mk/public/vrsnichko-nasilstvo-buling-bullying/.

Децата жртви на врсничко насилство обично страдаат од чувство на страв, тешкотија и фрустрации, кои, пак, често им предизвикуваат чувство на беспомошност, незаштитеност и осаменост. За некои деца, ваквите искуства може да бидат крајно повредувачки и на тој начин би можеле да се соочат со посттрауматски стрес што би се пролонгирал. Мешавината на емоции што ги доживуваат овие деца е изразито токсична за нивната психолошка добросостојба. Ваквите емоции може да прераснат во состојба на токсичен срам што го поддржува чувството на беспомошност во однос на однесувањето со другите врсници, па така овие деца веруваат дека дури ни повозрасните не би можеле да им помогнат.

Секое дете чувствува основна психолошка потреба дека треба да се чувствува поврзано со блиските, да биде прифатено и безбедно во околината во која живее. Тука спаѓа и потребата за способност да влијае врз луѓето што го опкружуваат – сака да се чувствува дека е важно, забележано и успешно во однос на своите интеракции со другите. Кога едно дете не може да си ги задоволи ваквите потреби низ вообичаените односи со врсниците, може да избере погрешен пат/начин на деструктивно однесување и приклучување кон лошо друштво (банди, култови и слично). Типични последици од ваквите стресни искуства се: проблеми при учењето, физички болести, тешкотии во размислувањето, стрес, преголема осетливост поради која се јавуваат бес и насилно реагирање дури и во моментите кога навистина нема потреба за тоа, чувство на очајност и депресивност, како и чувство на безнадежност што може да кулминира со самоубиствени мисли.[7]

Постојат многу различни видови булинг што може да ги доживеат децата. Некои од тие видови лесно се забележуваат и се детектираат, а некои видови се посуптилни, поскриени, посложени и потребен е подетален и плански пристап на анализа и проучување. Постојат повеќе критериуми за класификација и поделба на булингот кај младите во зависност од точката на тргнување и критериумот на поделба. Во продолжение се изложени неколку видови булинг/насилство.

- **Физичко насилство**

Физичкото малтретирање вклучува удирање, клоцање, сопнување, штипкање и туркање или друг вид штета предизвикана од физичко дејство што е преземено од страна на деца. Физичкото малтретирање, кое е насочено кон загрозување на физичкиот интегритет на личноста, може да предизвика краткорочна и долгорочна штета.

- **Вербално насилство**

Вербалното малтретирање вклучува оцрнувања, именување (етикетирање) навреди, задевања, заплашувања, хомофобични или расистички забелешки и вербални дејства, но и други видови вербална злоупотреба. Вербалното насилство, пред сѐ, е насочено кон повреда на психичкиот интегритет на личноста. Кривата на движење на овој вид насилство започнува со дејства предизвикани од вербалното насилство, кои најчесто имаат низок интензитет, безопасни се и незначително загрозувачки, но потоа кривата е растечка и ескалира, па ваквиот вид насилство може да биде проследен и во комбинација со други видови насилство и да предизвика различни последици.

- **Социјално насилство**

Социјалното насилство, кое понекогаш се нарекува и прикриено насилство или малтретирање, често потешко се препознава и може да ѝ се изврши „зад грб“ на жртвата, дури и без нејзино директно знаење и информирање. Ваквото насилство има специфична етиологија, бидејќи има јасно сценирана намера, претходно поставени цел и план за да наштети на нечија социјална репутација или да предизвика понижување пред поширока маса деца и возрасни. Овој вид насилство вклучува: лажење и ширење гласини, негативни фацијални или физички гестови (прикриени од очите на жртвата), заканувачки или

---

[7] Р. Сотировска, објава во рамките на проектот „Не си сам/а“, Коалиција Маргини и Фондација Квина тил Квина, 2021 година, повеќе на: https://womsvetinikole.org.mk/public/vrsnichko-nasilstvo-buling-bullying/.

презирни погледи, непријатни шеги за посрамотување и понижување, неучтиво, нељубезно, грубо имитирање, поттикнување на другите социјално да исклучат некого, како и оштетување нечија социјална репутација или општествено прифаќање.

- **Емоционално насилство (психолошко)**

Се врши со вербален и невербален напад, како и намерно исклучување и запоставување од врсниците (Синобад 2005). Емоционалното насилство е резултат на нехумани односи на поединецот и групата. Ова насилство опфаќа омаловажување, етикетирање, игнорирање, озборување, навредување, уценување, обраќање со погрдни имиња, потсмевање, исмејување, неприфаќање, манипулирање, запретување, ограничени движења на ученикот и други непријателски однесувања (Жунич и Чичварич 2009).

- **Сексуално насилство**

Овој вид насилство е посебно, а според своите облик и форми на извршување е комплексно и во себе ги содржи и другите форми на насилство, каде што постои користење на другата личност поради насилно задоволување нечии сексуални потреби и нагони (Стајич 2006).

Овој вид насилство други научници го дефинираат како секоја ситуација во која поединецот е предмет на однесување со очигледна сексуална конотација. Жртвите се третираат како сексуален објект. Тоа е насилство кога одредена личност против негова/нејзина желба ја допираат на интимни делови од телото, ѝ упатуваат безобразни зборови, ѝ покажуваат безобразни слики, ја принудуваат на сексуални односи со цел овозможување и задоволување на потребите на другата личност, наведување или принудување на ученикот да учествува во сексуални активности, користење на детето за проституција, порнографија и други облици на сексуална експлоатација.

- **Сајбер насилство**

Овој вид насилство опфаќа намерна и повеќекратна штета нанесена преку употребата на компјутери, телефони и други електронски уреди. Сајбер насилството може да биде отворено или прикриено, со користење дигитални технологии, како што се компјутерите и паметните телефони, како и социјалните медиуми, инстант пораки, текстови, веб-страници и други онлајн платформи и може да се случи во секое време. Ова насилство може да биде јавно или приватно, а понекогаш за него знаат само жртвата и лицето што е насилник. Сајбер насилството вклучува: навредливи, погрдни текстови, мејлови или објави, слики или видеа, намерно исклучување, отстранување, отфрлање во сајбер просторот, непријатни озборувања или гласини, користење туѓ профил што најчесто е лажен, напад (хакирање) на постојниот профил и слично.

## 3. Фактори за врсничкото насилство

Етиологијата на насилничкиот криминалитет кај младите ги опфаќа причините, факторите и нивното заедничко влијание за настанување и манифестирање насилничко однесување кај децата. Факторите најчесто се од различен карактер, со различно влијание и интензитет, но секој од нив си има своја причинско-последична врска со категоризација на две рамништа: ендогени и егзогени фактори.

**Семејството** е примарната институција, облик на заедничко живеење каде што детето од своето раѓање усвојува одреден начин на однесување, учи и им пристапува на општествените добра и вредности, културата и други особености. Новиот концепт на современото семејство, централното место на работните обврски и егзистенцијата на семејството како главен приоритет, пренагласените аспирации за економски, професионален и личен развој на родителите и други преокупации создаваат одредени индикации врз поведението на детето и неговото дејствување. Недостигот на грижа, љубов и топлина од родителите, недоволниот родителски надзор, семејното насилство, користењето физички казни кон детето, стилот на родителското воспитување и едуцирање

(попустливост, подведливост и индиферентен родителски воспитен стил) и други разни семејни кризи (разводи, смрт, преселби и слично) придонесуваат семејството да биде примарен и клучен фактор за развојот на однесување на детето, но и на пристапот и прифаќањето на општествените добра, вредности и односи. На пример, во едно истражување е утврдено дека децата што извршуваат врсничко насилство често биле сведоци на семејни конфликти (Балдри 2003).

**Пријателите и окружувањето** се нераскинлива компонента за еден здрав и успешен, социјализиран развој на детето, но тој процес на социјализација е успешен кога личноста на детето се развива во здрава, контролирана и етички воспитана средина на другари и пријатели. Кај лицата со нарушено однесување, изразени антисоцијални постапки, нарушено окружување со низа лоши примери во личното однесување на врсниците и пријателите има изразито висок ризик со големо влијание врз личноста на детето за негово потенцијално насилничко однесување. Според мислењето на Елиот и на Менард (1996), врсниците се поголем предикат на деликвентно однесување за разлика од семејните фактори, училиштето и карактеристиките на средината. Но, сепак, и училишната средина е влијателен фактор.

**Училиштето**, како средина во која се усвојуваат знаења, но и се реализира воспитување, може многу лошо да се одразува врз детето, и тоа од аспект на: тешка адаптација во училишната средина, чувство на неприфатеност од учениците и наставниците, недостиг на блискост со наставник или друго дете, недостиг на надзор од страна на наставниците, неправилно и непосветено постапување од страна на стручните соработници и др. Дополнителни фактори во училишната средина се и стекнувањето на навиките, ставовите и вредностите од окружувањето, новите пријатели и сите други особености што директно или индиректно влијаат врз личноста на ученикот. Современиот начин на живот и неможноста децата да се апстрахираат од **социјалните медиуми**, од техничко-технолошкиот развој на компјутерските уреди, телефоните и слично се дополнителен ризик и отворена изложеност на голем број фактори што се многу влијателни и брзо се одразуваат врз личноста на детето. Со неконтролираната продукција на видеоигри од секаков тип, која промовира разни насилнички дејства, актуелната продукција на филмови и нивната лесна достапност во сајбер просторот, а, генерално, и со негрижата на медиумите за видот и содржината на програмите за гледачите, им се одзема само времето за здрав детски развој и успешни училишни достигнувања во наставата и вонннаставните активности.

## 4. Правна рамка на проблемот

Република Северна Македонија има широко воспоставена правна основа за регулирање на оваа проблематика, и тоа во поголем број закони од различен аспект и со различен пристап, почнувајќи од Уставот, па сè до законското определување во поголем број општествени сфери, а особено во доменот на образованието. Законот за правда за децата е клучно законско решение каде што едни од целите се остварувањето приоритетен интерес и заштитата на децата, и тоа е предвидено и регулирано во членот 2 од истоимениот закон[8], а дополнителен елемент е тоа што Законот за заштита на децата забранува секаков облик на дискриминација, психичко и физичко насилство врз децата и малтретирање,

[8] Член 2 – Целите на Законот и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

предвидено во членот 12. Значајно е да се истакне дека Законот не го регулира подетално врсничкото насилство, но предвидува мерки за заштита на децата од насилство, како и глоби за физички лица и институции што ќе извршат злоупотреба на дете.

Во рамките на членот 122 став 41, Кривичниот законик на РСМ има дефиниција за насилството врз дете што ги опфаќа и психичкото насилство, насилството преку интернет, врсничкото насилство, како и демнењето и следењето дете. Доколку врсничкото насилство е од потежок вид и постои сомнение дека со врсничкото насилство се врши или се извршило кривично дело или, пак, трае подолго време, а училиштето не ги презема соодветните чекори за спречување на насилството и за заштита на жртвата, вработените се должни да повикаат друга институција, како што се, на пример, Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, центрите за социјална работа или Народниот правобранител.

Според Законот за основното образование, вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство (член 5). Понатаму, една од должностите на училиштето е да изготвува Развојна програма за работа, во чии рамки мора да се промовира и добросостојбата на учениците, заштитата од насилство, од злоупотреба и запуштање, како и спречувањето дискриминација (член 49). Членот 66 директно го регулира спречувањето насилство врз учениците и му налага на директорот на училиштето да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или запоставување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител, односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице што е вработено во училиштето, до надлежните институции утврдени со закон. Доколку директорот не го стори тоа, предвидени се прекршочни глоби. Постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од наведените форми на насилство, злоупотреба и запоставување е утврдена со подзаконски акт. При пријавувањето на насилството секогаш треба да се тргне од принципот воден од жртвата, односно дека таа не е виновна, а жртвата да биде консултирана во процесите на подготовка на планот за спречување на насилството. Ако ученикот учествува во разни форми на насилство, членот 76 од Законот налага родителот, односно старателот да биде упатен на советување.[9]

Законот за средното образование предвидува постоење педагошки мерки кон учениците во случај на повреда на должностите и обврските. Сторувањето врсничко насилство се смета за повреда на должностите и обврските, а во зависност од обликот, може да биде причина за отстранување на ученикот од училиштето. Законот предвидува и задолжително советување на родителот, односно старателот во случај на насилство и неетичко однесување на ученикот (член 58-а). Освен законските и подзаконските акти, државата носи и национални стратегии, акциски планови и концепции од областа на образованието и заштитата на децата од насилство, вклучително и врсничко насилство/булинг.

## 5. Состојбите со врсничкото насилство во Република Северна Македонија

Ваквата проблематика е анализирана и истражувана на светско и на европско ниво, но и во нашата држава се направени низа анализи и истражувања што ни даваат јасен патоказ за можни решенија, стратегии за пристап, но и детални информации за етиологијата и феноменологијата на врсничкото насилство кај децата. Според истражувањето „Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта“ (Алгоритам Центар и БРО

[9] „Меѓуврсничкото насилство и улогата на стручните служби: Перцепции на учениците од средните училишта во Скопје“, Иван Николовски и Кристина Димовска, Скопје, 2021 година.

2009), увидено е дека меѓу најчестите форми на насилно однесување што учениците го забележале на неделна база се: навредување, исмевање меѓу учениците (36 %), тепачки меѓу учениците (29 %), тепачки меѓу ученици од различна етничка припадност (15 %), уништување на училишниот инвентар (клупи, столчиња, прозорци, врати) (15 %), навредување на учениците од страна на наставниците (11 %), тепачки со ученици од други училишта (11 %) и физичко казнување на учениците од страна на наставниците (10 %).

Како најчесто место каде што се случуваат тепачките се наведуваат: училишниот двор (73,8 %), на второ и трето место се училницата (63,2 %) и ходниците (62,5 %). Во однос на тоа кога се зачестени инцидентите, насилство најчесто се случува за време на училишните одмори (68,6 %) и на враќањето од училиште (63,1 %). Според мислењето на учениците, најчести причини за овие тепачки се: погрдни пораки (42,8 %), омраза/одмазда (42,8 %), љубомора (41,8 %), одбрана од другар/-ка (39 %), лошо друштво (32,7 %), самоодбрана (32,6 %), меѓуетничка нетрпеливост (16,9 %) и привлекување внимание (12,2 %).

Во 2013 година, Министерството за внатрешни работи има регистрирано 184 случаи на насилство помеѓу ученици во основни и средни училишта, а за тоа, кривично и прекршочно се пријавени 260 сторители. Во текот на 2018 година е спроведено истражување на примерок од основните училишта на територијата на Град Скопје од страна на Фондацијата Фридрих Еберт – Скопје, каде што биле опфатени 33 испитаници, претставници на скопски основни училишта што доставиле пополнет прашалник. Резултатите потврдиле дека имало вкупно 147 случаи на физичко врсничко насилство минатата учебна година, 19 одговориле дека имало вкупно 145 случаи на вербално насилство, а 3 испитаници одговориле дека имало сексуално врсничко насилство во вкупно 7 случаи. Од сите овие случаи, според нивните демографски/социјални белези, учениците се: машки – 282, женски – 86, Македонци – 253, Албанци – 32, Роми – 35 и деца со посебни потреби – 10.

За потребите на овој труд се направени анализи на однесувањето на учениците од прва до четврта година во едно од средните училишта на Град Скопје. Анализирани се изрекувањата педагошки мерки по основ на некаков вид насилство кај учениците во периодот од учебната 2021/2022 година до 2023/2024 година, заклучно со октомври.

| | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 | Пол |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | 11 | 4 | 2 | машки – 15<br>женски – 2 |
| **Вербално насилство** | 5 | 7 | 4 | машки – 12<br>женски – 4 |
| **Сајбер насилство** | 2 | / | 2 | машки – 2<br>женски – 2 |
| **Психичко насилство** | 1 | 4 | / | машки – 3<br>женски – 2 |
| **Вкупно случаи** | 19 | 15 | 8 | |

Во периодот во кој е извршено истражувањето се евидентирани вкупно 42 случаи на некаков вид насилство помеѓу учениците. Тие случаи се евидентирани и е постапено од страна на стручната служба и директорот на училиштето, а истовремено и од тимот за спречување на насилството и зајакнување на безбедноста во училиштето. Во текот на учебната 2021/22 година се забележани вкупно 17 случаи, во текот на 2022/23 година се забележани 16 случаи, а во текот на 2023/24 година до периодот на истражувањето се забележани вкупно 8 случаи. Процентуалната застапеност во рамките на периодот на опфат

на анализата е следна: 24 % се женски, а 76 % се машки. Генерално, дејствата на сторување на анализираните насилства немаат висок ризик на штетност, т. е. тоа се дејства со низок степен на загрозување на физичкиот и/или психичкиот интегритет на учениците, освен од вкупните случаи на физичко насилство, кои се 17, евидентирани се 3 случаи со поголем број вмешани ученици и со преземања дејства на некаков физички напад (меѓусебно групно удирање или обид за меѓусебно групно удирање во тепачка). Освен горенаведените случаи во периодот во кој е вршено истражувањето, се забележуваат одредени настани што се надвор од училиштето, но во негова непосредна близина, а опфаќаат одредени меѓусебни закани, заплашувања и физички пресметки, кои како такви настани не може да се исклучат од поведението на учениците, но сепак се надвор од училишното окружување.

При решавање на случаите анализирани од средното училиште, тие постапувале во рамките на важечките закони и постапиле на еден од следниве начини: изрекување соодветни педагошки мерки, разговори со учениците, нивно следење и анализа, советување родители или, пак, извршени консултации и разговори со инспектор за малолетничка деликвенција. Во рамките на Законот за средното образование се изрекувале педагошки мерки што се определени во законот и прецизирани со Упатството[10]. Поради повреда на должностите и неисполнување на обврските, за ученикот може да се применат педагошки мерки: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од јавното училиште. Писмената опомена за ученикот ја изрекува раководителот на паралелката, наставничкиот совет на паралелката или директорот. Опомената пред отстранување и отстранувањето го изрекува наставничкиот совет. Педагошката мерка отстранување може да се изрече само за потешка повреда на должноста утврдена со статутот на училиштето. Педагошката мерка отстранување се применува за учебната година во која е изречена. На ученикот може да му се изрече педагошка мерка отстранување од училиштето во текот на целата учебна година.[11] Вториот начин на постапување е советувањето родители што го вршат стручните служби во училиштето, поточно психологот, односно педагогот. Родителот, односно старателот се упатува на советување ако:

- ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети;
- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци;
- ученикот е недисциплиниран;
- ученикот го навреди наставникот;
- ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство;
- ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување;
- ученикот се однесува неморално или неетички; и
- на ученикот во краток период значително му опадне успехот.[12]

## 6. Заклучок

Евидентно е дека оваа проблематика е сè позачестена и, како таква, добива ширина и разновидност во поглед на својата феноменологија и етиологија. Неизбежно е дека ваквата појава ја има во секое училиште во државата и таа или се прикрива или се евидентира и се постапува од страна на училиштата, родителите и другите институции, но загрижувачки е фактот околу тоа колку ефективно и одржливо е решавањето на ваквите проблеми. Покрај другото, значајно е да се истакне дека освен училиштата, јадро на врсничкото насилство се и кафетериите, гејмерските клубови, јавниот превоз, парковите и сите други јавни површини, места и објекти каде што младите се социјализираат, се дружат

[10] Упатство за начинот за изрекување на педагошките мерки во јавните средни училишта од 21.6.2005 г.
[11] Член 57 од Законот за средното образование.
[12] Член 58-а од Законот за средното образование.

и го поминуваат своето време. Дополнителен критичен фактор што придонесува за засилувањето на овој вид деликвентно однесување е и неправилното користење на слободното време, немањето содржини за социјализација, спортување или, пак, гетоизирање на одредени места, општини и населби. Без сомнение, може да се востанови дека и семејното насилство и директната или индиректната инволвираност на младите се во директна корелација со идното нивно насилничко однесување со другите врсници во околината. Училиштата, како воспитно-образовни институции, вклучувајќи ги и градинките, треба будно, аналитички и посветено да го следат однесувањето на децата и за него да оформуваат стручни анализи и ставови со одредени мерки на следење и воспитување, но евидентна е и потребата од нивно поцелосно екипирање од аспект на стручни и обучени тимови, прецизни и јасни интерни правила и процедури за следење и детекција на насилството, но и за негово решавање во и надвор од училиштето. Покрај ова, наставниците во основното и во средното образование треба и мора да развиваат концепти на толеранција, недискриминација и ненасилство во рамките на своите предмети, наставни содржини и предавања, а секоја форма на насилство да ја процесираат и да ја анализираат засебно, а не да ја гледаат како „ситница“, или „нешто нормално“ во текот на нивните часови и во контекст на училишното окружување. Освен другите мерки, потребно е и зајакнување на капацитетот и интегрираност на Центарот за социјална работа и Министерството за внатрешни работи во делот на превенција и едукација за детското престапништво, а истовремено и соработка со родителите и следење на децата надвор од училиштата. Непревенирањето на оваа проблематика кај младите колку што е можно на помала возраст предизвикува дополнителни општествени проблеми и остава простор за веројатен криминоген развој на индивидуите во нивното понатамошно созревање и развивање.

**Користена литература**


- Љупчо Арнаудовски, Криминологија, Скопје, 2007 година.
- Неда Петковска, Маргарита Цаца-Николовска, „Врсничко насилство (булинг) дискиминација и говор на омраза меѓу средношколците“, Скопје, 2022 година.
- Маја Атанасова, Арбен Гудачи, „Повреда на приватноста и врсничкото насилство на интернет“, Скопје, 2022 година.
- Иван Николовски и Кристина Димовска, „Меѓуврсничкото насилство и улогата на стручните служби: Перцепции на учениците од средните училишта во Скопје“, Скопје, 2021 година.
- Ана Фрицханд „Психолошки аспекти на меѓуврсничкото насилство во училиштето и ефектите врз развојот на децата и на адолесцентите“, Институт за психологија, Скопје, 2019 година.
- Ружа Пачаџиева, Милица Бубало, Силвана Трбогазова, Елена Антониевиќ, Љуљзиме Хоџа, Верка Перовска, „Врсничкото насилство во основните училишта во Град Скопје“, Фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2018 година.
- „Врсничко насилство“ – ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, 2017 година.
- Јована Наумовска, „Мотивите за насилство помеѓу средношколците“, Скопје, 2016 година.
- Милена Урдаревиќ, „Поврзаност на насилно однесување со самопочитување кај учениците од основното образование“.
- Закон за основното образование, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20 година.
- Закон за средното образование, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95; 24/96; 34/96; 35/97; 82/99; 29/02; 40/03; 42/03; 67/04; 55/05; 113/05; 35/06; 30/07; 49/07; 81/08;

92/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 42/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20.

- Стручна објава во рамките на проектот „Не си сам/а“, Р. Сотировска, Коалиција Маргини и Фондација Квина тил Квина: https://womsvetinikole.org.mk/public/vrsnichko-nasilstvo-buling-bullying/.

*Doan Sulejmanoski* [13]

# PEER VIOLENCE AS A FORM OF JUVENILE DELINQUENCY AMONG STUDENTS

## Abstract

Children are an inseparable part of social life, they are individuals and members of the social collectivity who build their personality as a result of adopting social patterns of behavior under the strong influence of: family, schools, peers, media, cultural, religious values, but also impact of all other entities, institutions, groups and norms of social action and interaction.

The process of socialization is crucial in the development of the child and this process is not uniform and homogeneous. Starting from the family as the primary social cell with all the internal relations, it is inevitable to come to the next component of this process – schools, which as collective environments implement an educational process and a place where students spend most of their childhood.

The information published in the media and about various events in which various forms of deviant and delinquent behavior of young people can be observed, which contain elements of violence that affect the rights of children and their families and cause various damages, are becoming more and more present. Social tensions and riots are caused on the widest scale. Such violent behavior is determined by a series of different determinants and irrational factors that directly or indirectly result from social circumstances, systems, subsystems and so on. Such a problem is the subject of monitoring and analysis of a larger number of sciences, which points to a multi-sectorial and interdisciplinary approach to this problem.

**Key words:** children, delinquency, violence, schools, prevention.

[13] The author is a student of the third cycle of studies -PhD, at the Faculty of Law "Justinian the First" - Skopje, majoring in criminal law - criminal material law.